**Република Северна Македонија**
**Основен суд Охрид**
**Су-04.бр.35/22-2.2**
**30.09.2022 година**
О х р и д

# З А П И С Н И К
**- од интервју по оглас 3/22 за работно место Судски референт, дактилограф, ниво Г3 –**

Составен на ден 30.09.2022 година во 14:30 часот, во Основниот суд Охрид, од страна на Комисијата за селекција за вработување на судски службеник, согласно член 19 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата и содржината...(Службен весник на РМ, бр.236/2018 од 24.12.2018 година), во врска со објавениот Јавен оглас бр.03/22 на Основниот суд Охрид, во дневните весници „НОВА МАКЕДОНИЈА“ од 16.08.2022 година и „КОХА“ од 16.08.2022 година, за вработување на судски службеник за работно место од категорија Г, ниво Г3, Судски референт – дактилограф, 1 (еден) извршител, со шифра СУД0101Г03001;

Комисијата за селекција за вработување на судски службеник за работно место Судски референт – дактилограф е во состав од:

- Будимка Костоска Наумоска, - Претседател на Комисијата;
- Лидија Балоска, - член на Комисијата; и
- Снежана Кипровска, - член на Комисијата од Советот на судска служба.

Комисијата за селекција за вработување на судски службеник констатира дека по објавениот Јавен оглас бр.03/22 за работното место Судски референт – дактилограф, уредно се поканети и се појавиле на интервјуто следниве кандидати:

Кандидат со шифра ОСОГ301;
Кандидат со шифра ОСОГ302;

Интервјуто се одржа на ден _30.09.2022 со почеток во 14:00 во Основен суд Охрид, откако претходно одржа подготвителен состанок на кој се констатира дека за правилно вреднување на компетентноста на кандидатите, а со цел соодветна селекција на кандидатите, ќе им бидат поставувани следниве прашања:

- **Кажете нешто за себе, опишете се?**
- **Дали имате работно искуство како дактилограф и каде?**
- **Зошто би требало да Ве вработиме токму Вас?**
- **Дали прифаќате прекувремена работа?**
- **Што мислите што се вклучува ова работно место?**
- **Дали издржувате работа под притисок?**

- **Како се справувате во конфликтни ситуации?**
- **Зошто се одлучивте да конкурирате за ова работно место?**
- **Кои особини , според Вас се потребни за ова поле?**
- **Зошто ја избравте ова професија?**

Комисијата утврди дека бодирањето на кандидатите ќе се врши на начин согласно Правилникот, така што секој од членовите на Комисијата поединечно за секој кандидат пополнува формулар во кој ги внесува бодовите одделно за сите елементи од интервјуто и го потпишува. Бројот на добиените бодови за секој кандидат поединечно ќе се добие од просекот на доделените бодови на сите членови на комисијата.

На интервјуто учествуваат најмногу пет пати повеќе кандидати од бројот на работни места за кои се спроведува постапката за селекција за вработување, а кои биле најдобро рангирани на листата.

По завршување на интервјуто, Комисијата состави листа на кандидати со шифри, со кои е спроведено интервјуто и освоените бодови од интервјуто за секој кандидат :

| Ред. број | Шифра | Освоени бодови од интервју |
|---|---|---|
| 1. | ОСОГ301 | 15,67 |
| 2. | ОСОГ302 | 18,33 |

**ПРИЛОГ кон овој записник :**

- **Конечна ранг – листа на кандидати** со шифри и вкупен број на освоени бодови од административната селекција, испитот и интервјуто

- формулари од членовите на комисијата со бодување на кандидатите;

Комисија за селекција:

- Будимка Костоска Наумоска,
- Лидија Балоска, -
- Снежана Кипровска -

**Република Северна Македонија**
**Основен суд Охрид**
**Су-04.бр.35/22-2.3**
**30.09.2022 година**
О х р и д

**ПРИЛОГ**

1. **Листа на кандидати со кои е спроведено интервју за работното место Судски референт- дактилограф, со освоени бодови од интервјуто за секој кандидат**

| Ред. број | Шифра | Освоени бодови од интервју |
|---|---|---|
| 1. | ОСОГ301 | 15,67 |
| 2. | ОСОГ302 | 18,33 |
| | | |

Комисија за селекција :

1. Будимка Костоска Наумоска,- Претседател ____
2. Лидија Балоска – член ____
3. Снежана Кипровска – член од ССС ____